Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на РМ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерството за транспорт, на ден __________ година, донесе

ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, делница на автопат: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825.81 – km 37+072) ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа km 0+000 – km 39+453, кој го донесува Министерството за транспорт, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, делница на автопат: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825.81 – km 37+072) ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа km 0+000 – km 39+453, се определуваат Општина Прилеп, Општина Могила, Општина Битола, Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекомуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Измена и дополна на урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10 д, делница на автопат: ПРИЛЕП - БИТОЛА, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825.81 – km 37+072) ИЗМЕНА И ДОПОЛНА бр.2 со стационажа km 0+000 – km 39+453, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Изградбата на патен Коридор 10д. Делница на автопат: Прилеп-Битола, согласно проектното решение го прати постојниот пат кој што е асфалтиран и во употреба, додека теренот, на целиот дел на трасата е рамничарски и се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на

повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социоекономски развој).

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Бр. 67-997/4

Датум: 17.02.2026

Место: Скопје

Министер,

Александар Николоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * СКОПЈЕ